Врз основа на член 390 од Законот за Трговски Друштва, ПЕКАБЕСКО АД Кадино

**Објавува**

# ПРЕДЛОГ

**За дополнување на дневен ред со вклучување на нови точки и предлог одлуки по веќе предложени точки од дневниот ред**

**Ги известуваме АКЦИОНЕРИТЕ на ПЕКАБЕСКО АД дека во врска со Дневниот ред на Годишното собрание на Друштвото кое е закажано за 10.09.2020година во 14:00 часот во просториите на Друштвото на ул.10.бр.44 Кадино Илинден, на ден 13.08.2020 година од страна на Група акционери кои поседуваат повеќе од 5% од вкупниот број на акции со право на глас во ПЕКАБЕСКО е поднесен предлог за дополнување на дневниот ред со вклучување на нови точки и предлог одлуки по веќе предложени точки од дневниот ред.**

**Предложените точки за дополнување на дневниот ред се следниве точки:**
**1.Усвојување на Записникот од претходното собрание.**
**2.Разгледување на краткорочни и среднорочни сценарија за работењето и развојот на друштвото во зависност од можната евалуација и импликациите од кризата предизвикана од корона вирусот.**
**3.Разгледување на усогласеноста на работењето на ПЕКАБЕСКО АД Кадино со законската регулатива во сферата на распределбата на добивката.**
**4.Разгледување на политиката на наградување на вработените, вклучувајки ги и менаџерите.**
**5.Разгледување на усогласеноста на составот на Одбор на директори на друштвото со законската регулатива.**

**Предложените одлуки по веќе предложените точки од дневниот ред се следните:**
**1.Предлог одлука за распределување на добивката за 2019 година(по точка 6 од веќе предложениот дневен ред).**
**2.Предлог одлука за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар(по точка 6 од веќе предложениот дневен ред).**
**3.Одлука за одобрување на купување на сопствени акции на ПЕКАБЕСКО АД Кадино(по точка 11 од веќе предложениот дневен ред),**
**4.Одлука за одобрување на купување на сопствени акции на ПЕКАБЕСКО АД Кадино(по точка 12 од веќе предложениот дневен ред).**

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**

**ПЕКАБЕСКО АД**

До

Одборот на директори на ПЕКАБЕСКО АД, ул. 10 бр. 44 Кадино, Илинден

*Предмет*: Предлог за дополнување на дневниот ред со вклучување нови точки и предлог одлуки по веќе предложени точки од дневниот ред.

*Подносители на предлозите*: Група малцински акционери кои поседуваат повеќе од 5% од вкупниот број акции со право на глас во ПЕКАБЕСКО АД Кадино

Почитувани,

Нашиот интерес, како акционери и вашиот како управувачи на компанијата, е идентичен: таа да работи успешно (профитабилно), во согласност со законската регулатива и постојано да се развива. Нашиот придонес во остварувањето на оваа ***заедничка цел*** е преку давање предлози за нови проекти и сугестии за унапредување на работењето на друштвото, преку евалуацијата и одобрувањето на вашето работење на редовните и вонредните собранија на акционери и преку инсистирање на стриктно почитување на законитоста во работењето, како најевтин и најефикасен начин за зајакнување на угледот на ПЕКАБЕСКО АД Кадино во јавноста и меѓу сите заинтересирани страни (stakeholders).

I. Имајќи ги предвид нашите законски права и обврски, а со цел да придонесеме за натамошна афирмација и унапредување на работењето на компанијата, согласно член 390 став 4 од Законот за трговските друштва, бараме на претстојното Собрание на акционери **да бидат вклучени во дневниот ред и следниве точки:**

1. *Усвојување на Записникот од претходното собрание.*

**Образложение на предлогот**

Имајќи го предвид лошото искуство од водењето записник од ланското годишно Собрание одржано на 12.06.2019 година, кога повеќе дискусии воопшто не беа вклучени во него, како на пример, онаа на еден од извршните директори и акционер во друштвото, кој напомена дека своевремено на заинтересирани купувачи на акции од ПЕКАБЕСКО АД Кадино од Хрватска им рекол "*да не купуваат акции, зошто немаат намера да делат дивиденда*", предлагаме како прва точка од дневниот ред на секое собрание да биде Усвојување на записникот од претходната седница. Покрај тоа што при усвојувањето на записникот ќе може да се исправат евентуални пропусти и непрецизности, тоа би претставувало добра можност за потсетување на дискусиите и предлозите насочени кон унапредување на работењето на друштвото и согледување на нивната реализација. Конечно, тоа е во согласност со најдобрите корпоративни практики, не само во светот, туку, и во нашата земја.

2. *Разгледување на краткорочните и среднорочните сценарија за работењето и развојот на друштвото во зависност од можната еволуција и импликациите од кризата предизвикана од корона вирусот.*

## Образложение на предлогот

Појавата на корона вирусот и мерките насочени кон справување со здравствените и економските предизвици, несомнено имаат силно и значајно, за жал, негативно влијание врз работењето на речиси сите економски субјекти. Имајќи ја предвид неизвесноста околу траење на кризата предизвикана од корона вирусот, би било добро да се стави посебна точка на дневниот ред во рамки на која би ги продискутирале и согледале импликациите од можната еволуција на корона кризата и различните одговори, односно сценарија за справување со нив. Извесно е дека идниот развој на настаните нема да биде идентичен со предвидениот, уште помалку со посакуваниот, но уште поизвесно е дека оние друштва кои се обидуваат да го антиципираат, макар и приближниот, иден развој на настаните покажуваат поголема отпорност, флексибилност и подобри резултати од оние кои ја применуваат стратегијата **wait and see** (сочекај да видиш што ќе се случи).

3. *Разгледување на усогласеноста на работењето на ПЕКАБЕСКО АД Кадино со законската регулатива во сферата на распределбата на добивката.*

## Образложение на предлогот

Три години по ред (во 2017, 2018 и 2019), и покрај укажувањата на малцинските акционери, се носат одлуки за распоредување на добивката кои се во директна колизија со Законот за трговските друштва (особено со членовите 278, 321, 329, 365, 399, 483 и 487), со Статутот на ПЕКАБЕСКО АД Кадино (особено со членовите 76 и 79) и со содржината на Проспектот јавно објавен во април 2015 година на интернет страницата на Македонската берза. Во јули месец 2019 година, еден од малцинските акционери беше принуден да побара судска заштита со поднесување тужба за утврдување на ништавност на Одлуката за распоредување на добивката за 2018 година, кому што дополнително му се приклучија уште тројца малцински акционери во својство на замешувачи. Имајќи предвид дека водењето судски спорови, особено покренати од акционери кои се принудени да го сторат тоа, го нарушува угледот на друштвото, и претставува трошење на време, енергија и финансиски средства кои би можеле да се употребат многу поразумно за унапрдување на работењето на друштвото, сметаме дека е најсоодветно во рамки на посебна точка од дневниот ред, предлагачите на таквите одлуки да ги презентираат евентуалните аргументи за смислата и оправданоста на спомenатите одлуки за распоредување на добивката. Доколку, постојат аргументи и одредби од Законот за трговските друштва или од Статутот на друштвото кои ги оправдуваат спомнатите одлуки, малцинските акционери се спремни, да ги подржат и да гласаат за нив. Исто така, очекуваме членовите на Одборот на директори доколку се уверат во неусогласеноста на таквите одлуки со Законот за трговски друштва и со Статутот на друштвото, да предлагаат одлуки за распоредување на добивката кои се во согласност со статутарните одредби и со законската регулатива.

На наше изненадување и предлог-Одлуката за распоредување на добивката за 2019 година се повикува на ирелевантни и несоодветни членови од Законот за трговските друштва, а недостасува ѝ какво и да е, макар и минимално, образложение на предлогот.

Тоа, само ја потврдуваа потребата и оправданоста од вклучување на посебна точка посветена на усогласеноста на распределбата на добивката со законската регулатива, бидејќи постојано треба да се има предвид дека ***доследното почитување на законот е врвен приоритет во работењето на секое акционерско друштво***. Тоа не е интерес само на акционерите и на вработените, туку и на членовите на органите на управување кои се најодговорни за законитоста во работењето на друштвото.

4. *Разгледување на политиката на наградувањето на вработените, вклучувајќи ги и менаџерите.*

## Образложение на предлогот

Општо е познато дека политиката на наградување во секое акционерско друштво има силно влијание врз ефикаснота и успешноста во работењето, но и врз зајакнување на мотивацијата и лојалноста на вработените. Од тие причини, предлагаме доколку веќе постои посебно формулиран документ за политката на наградување да се посвети посебна точка на разгледување и ревидирање на политиката на наградување во друштвото за да не се случува бруто примањата на одборот на директори во 2019 година, во однос на 2018 година да се зголемат за 51,8 %, при намалување на добивката на друштвото за 7,7 %. Во случај на непостоење на формално усвоен документ за политика на наградување, предлагаме до 31.10.2020 година да се изготви предлог на *политика на наградување заснована врз принципите на сразмерност, стимулативност и правичност* кој би бил разгледуван и усвоен на следното вонредно собрание на акционери, најдоцна до крајот на годинава.

5. *Разгледување на усогласеноста на составот на Одборот на директори на друштвото со законската регулатива.*

Согласно Законот за трговските душтва (член 3, став 1, точка 26), „неизвршниот член на одборот на директори, по правило, е физичко лице член на одборот на директори кое нема извршна функција во друштвото", додека согласно член 369 став 1 од Законот за трговски друштва „Одборот на директори од редот на своите неизвршни членови, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на одборот на директори, избира претседател на одборот". Имајќи предвид дека тројца од постојните четири неизвршни директори имаат извршна функција во друштвото, од една страна, како и дека претседателот на одборот на директори е извршен член на одборот на директори, од друга страна, неопходно е да се пристапи кон усогласување на составот на одборот на директори со законската регулатива.

II. Согласно член 390 став 5 од Законот на трговските друштва **предлагаме да бидат усвоени следниве одлуки**:

1. *Предлог одлука за распоредување на добивката за 2019 година (по точка 6 од веќе предложениот дневен ред).*

Врз основа на член 76 од Статутот на ПЕКАБЕСКО АД Кадино и членовите 483 и 487 од ЗТД, Собранието на ПЕКАБЕСКО АД Кадино на седницата одржана на 10.9.2020. година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

### За распоредување на добивката за 2019 година

**Член 1**

Нето добивката на ПЕКАБЕСКО АД за 2019 година во износ од 110.115.000,00 денари се распоредува:

| | |
|---|---|
| 1. За исплата на дивиденда | 55.557.500,00 денари |
| 2. За инвестиции | 43.546.000,00 денари |
| 3. За акумулирана добивка | 11.011.500,00 денари |

**Член 2**

За реализација на оваа Одлука се задолжуваат правната и сметководствената служба.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

Претседавач

на Собрание на акционери

### Образложение на предлог одлуката

Согласно член 76 од Статутот на ПЕКАБЕСКО АД Кадино кој гласи:

„Собранието на Друштвото одлучува за употреба на добивката според годишните сметки.

Во одлуката за употреба на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката, а особено се наведуваат:

1) добивката според билансот на успехот;

2) **износот кој треба да им се даде на акционерите** (нагласувањето е наше);

3) износите кои треба да се внесат во статутарните резерви на Друштвото;

4) евентуалниот пренос на добивката во наредната година и

5) дополнителните издатоци врз основа на одлуката.

Со одлуката од став 1 на овој член не може да се вршат измени во годишните сметки на Друштвото.“

член 483 од Законот за трговските друштва според кој се утврдуваат намените кои треба да ги содржи одлуката за распоредување на добивката кој гласи:

„(1) Собирот на содружниците, односно собранието одлучува за распоредување на добивката.

(2) Во одлуката за распоредување на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката, а особено се наведуваат:

1) износот од добивката за покривање на загубата од минати години (доколку таква има);

2) износите коишто се внесуваат во законските и статутарните резерви на друштвото;

3) **износот којшто се исплатува во вид на дивиденда** (нагласувањето е наше);

4) дополнителните издатоци врз основа на одлуката;

5) евентуалниот пренос на добивката во наредната година (акумулираната добивка) и

6) износот на добивката со којшто ќе се изврши зголемување на основната главнина на друштвото и износот на добивката за инвестиции.

(3) Со одлуката од ставот (1) на овој член не може да се вршат измени во остварената добивка на друштвото."

и член 487 став 1 од Законот за трговски друштва кој гласи:

„**По одобрувањето на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдувањето на постоењето добивка за распределба,** собирот на содружниците, односно **собранието го определува делот којшто им се доделува** на содружниците, односно **на акционерите во форма на дивиденда**, според правата што ги дава уделот, односно според родот и класата на акциите" (нагласувањата се наши).

со Одлуката за распоредување на добивката за 2019 година во нето износ од 110.115.000,00 денари се предлага:

1. Делот од добивката што ќе им припадне на акционерите во вид на дивиденда да изнесува 55.557.500,00 денари. Предвидениот износ претставува 50% од нето добивката за 2019 година, и е минималниот процент кој би требало да се распоредува секоја година како дивиденда, имајќи ги предвид достигнатото ниво на развојот на друштвото, растежот и стабилноста на добивката во последните години, како и вкупниот износ на акумулираната добивка со која располага друштвото. Инаку, овој процент е многу понизок од оној кој го исплаќаат акционерски друштва со слични перформанси, репутација и етаблираност во македонската економија.

2. Износот од 43.546.000,00 денари, односно 40% од нето добивката за 2019 година се предвидува за инвестиции со што ќе продолжи разумната политика која во континуитет ја спроведува друштвото за проширување и унапредување на својата дејност.

3. Износот од 11.011.500,00 денари, односно 10% од нето добивката за 2019 година е наменет за пренос на добивката во наредната година како акумулирана добивка. Оваа сума, во иднина, би можела да се искористи за исплата на дивиденда, или за реализација на политиката на наградување, откако претходно собранието ќе усвои таков еден документ.

2. *Предлог одлука за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар (по точка 6 од веќе предложениот дневен ред).*

Врз основа на член 79 од Статутот на ПЕКАБЕСКО АД Кадино и член 490 од ЗТД, Собранието на ПЕКАБЕСКО АД Кадино, на седницата одржана на 10.9.2020. година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

### за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар

1. Бруто дивидендата по акција изнесува 1.847,298 денари. Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциска сметка на акционерите.

2. Датумот на евиденција според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат преаво на дивиденда за 2019 година е 23.9.2020.

3. Последен ден на тргување со право на дивиденда е 21.9.2020.

4. Прв ден на тргување без право на дивиденда е 22.9.2020.

5. Дивидендата ќе се исплати во законски предвидениот рок, најдоцна до 30.09.2020 година.

6. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач

на Собрание на акционери

### Образложение на предлог одлуката

Согласно член 79 од Статутот на ПЕКАБЕСКО АД Кадино кој гласи:

„**Во деловно успешните години, по одобрување на годишните сметки, Собранието со одлука го определува износот кој на акционерите им се доделува во форма на дивиденда** (нагласувањето е наше).

Дивидендата се исплатува најдоцна во рок од девет месеци по завршувањето на деловната година."

согласно член 490 од Законот за трговските друштва кој гласи:

„(1) **Со одлука на собранието со којашто се одобрува плаќање на дивиденда** се определува (нагласувањето е наше):

1) износот на дивидендата;

2) датумот на евиденција според којшто се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда и

3) планот на исплата на дивидендата и денот на којшто дивидендата се исплаќа (ден на исплата) и начинот на кој друштвото ги известува лицата кои имаат право на дивиденда според донесената одлука."

и согласно Одлуката за распоредување на добивката за 2019 година во нето износ од 110.115.000,00 денари, вкупната бруто сума наменета за исплата на дивиденда изнесува 55.557.500,00 денари. Кога овој износ се подели со бројот на акции кои имаат право на дивиденда (30.075) се добива износот на бруто дивиденда по акција од 1.847,298 денари. Бројката од 30.075 акции кои имаат право на дивиденда е добиена кога од вкупниот број акции (32.450) е одземен бројот на сопствените акции (2.375).

Согласно законот крајниот рок за исплата на дивидендата е 30.09.2020 година.

*3. Одлука за одобрување на купување на сопствени акции на ПЕКАБЕСКО АД Кадино, (по точка 11 од веќе предложениот дневен ред).*

Врз основа на член 333 од Законот за трговските друштва, Собранието на ПЕКАБЕСКО АД Кадино, на седницата одржана на ден 10.9.2020. година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за купување на сопствени акции на Друштвото**

**Член 1**

Се одобрува купување на сопствени акции на ПЕКАБЕСКО АД Кадино.

**Член 2**

Друштвото може да откупи 870 акции по најниска цена од 12.000,00 денари и највисока цена од 48.000,00 денари во рок од 1 (една) година од денот на донесувањето на оваа Одлука.

Претседавач

на Собрание на акционери

**Образложение на предлог одлуката**

Имајќи ја предвид моменталната книговодствена вредност од скоро 38.000 денари по акција, како и развојниот потенцијал на компанијата, сметаме дека предложената откупна цена од страна на Друштвото од 10-15.000 денари по акција е прениска. Затоа,

предлагаме цената за откуп да биде во опсег од 12-48.000 денари по акција којашто би осигурала акционерите да добијат пореална вредност за акциите што ќе ги продадат.

*4. Одлука за одобрување на купување на сопствени акции на ПЕКАБЕСКО АД Кадино, (по точка 12 од веќе предложениот дневен ред).*

Врз основа на член 333 од Законот за трговските друштва, Собранието на ПЕКАБЕСКО АД Кадино, на седницата одржана на ден 10.9.2020. година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за овластување на членовите на Одборот на директори да купуваат сопствени акции на ПЕКАБЕСКО АД Кадино**

Се овластуваат членовите на Одборот на директори да може да купат 870 акции по цена од 12.000,00 до 48.000,00 денари/акција во рок од 1 (една) година од донесувањето на оваа Одлука.

Претседавач

на Собрание на акционери

**Образложение на предлог одлуката**

Во одлуката е изменета куповната цена (од минимум 12.000,00 денари по акција до максимум 48.000,00 денари по акција) во согласност со предложената Одлука за откуп на сопствени акции.

III. Имајќи ја предвид состојбата со корона вирусот предлагаме седницата на Собранието закажана за 10.09.2020 година да се одржи на отворен простор.

Група малцински акционери кои поседуваат

повеќе од 5% од вкупниот број на акции на ПЕКАБЕСКО АД Кадино